**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06.11.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5438 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Трет програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Од 22 до 31 октомври, вкупното време на новинарските прилози од десетте мониторирани изданија на радио-дневникот од 16 часот, методолошки селектирани за анализа, изнесува – 2 часа 9 минути и 46 секунди.

Вкупниот обем новинарско известување за актуелни настани произлезени од внатрешно-политички и од општествени теми, е на самата квантитативна граница од методолошкиот примерок, а увидот во статистиката каде што убедливо предничи ставката за т.н. „други субјекти", ја покажува основната тенденција на информативната редакција – во медиумската презентација да им се даде предност на конкретни, тековни настани и случувања што непосредно засегаат различни области – култура/уметност/екологија/образование – од секојдневниот живот пред сè на албанската етничка заедница не само во Скопје како главен град, туку и во другите градови од државата. За илустрација на оваа информативна доминанта, меѓу најопширните новинарски извештаи во кои се прикажани гледишта на граѓански активисти, претставници на локалната самоуправа и на меѓународната заедница, како и на уметници и на културни работници, во десетте дена на мониторингот највпечатливи се следниве наслови: *„Ќебапот, бисер на соживотот"; Фолклорни вечери на Скопската чаршија, организирани од КУД „Ибе Паликуќа"; „Ние одлучуваме", манифестации на граѓански активизам против злоупотребата на гласачкото право; студија на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања за структурата на младите македонски иселеници; „Ден на мултикултурализмот во Кичево" - организиран од ОБСЕ, од Општина Кичево и од Центарот за развој на заедницата; 15-ти Саем на книгата во Тетово; Симпозиум за 125 години од Женското училиште во Корча - организиран од скопскиот Институт за културното наследство на Албанците; субвенционирање фирми отворени од жени претприемачи; проблеми поради недостиг на кадар за Катедрата по албански јазик и книжевност од Филолошкиот факултет во Скопје; почеток на наставата од новиот државен универзитет „Мајка Тереза"; промоција на книга од Шабан Мурати, поранешен албански амбасадор во Република Македонија.*

Од актуелните случувања што содржински се поврзуваат со повеќемесечен континуитет на поширока општествено-политичка расправа, во радио-весникот од 16 часот преку вести во низа се следеше работата на Специјалното јавно обвинителство за добивање податоци од компјутерскиот систем на Управата за безбедност и разузнавање, во прилог на документирање на истрагата за случајот „Прислушкување". Редовно се известуваше и за активностите на Државата изборна комисија како централен орган за организација на предвремените парламентарни избори, а нагласка беше ставена врз начинот на евиденција на гласачите од дијаспората. Од извештаите чија содржина е поврзана со поширок општествено-политички контекст, се издвојува триминутниот приказ на поентите од експертската критика на академик Абдулменаф Беџети за државниот буџет планиран за 2017 година.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| МРА - албански јазик | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| Специјално обвинителство | 00:05:10 | 3,98 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:28 | 3,44 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:46 | 2,91 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:58 | 7,69 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:00 | 2,32 | % |
| Влада на РМ | 00:07:28 | 5,75 | % |
| Други субјекти | 00:37:55 | 29,22 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:10:11 | 7,85 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:48 | 2,93 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:51 | 0,66 | % |
| ДИК и други органи | 00:11:25 | 8,80 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:11 | 2,45 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:36 | 8,17 | % |

| | | |
|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:25 | 0,32 % |
| Унитети | 00:02:38 | 2,03 % |
| Без субјекти | 00:01:26 | 1,10 % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:48 | 0,62 % |
| Судство | 00:05:01 | 3,86 % |
| ДПА-ДР | 00:03:50 | 2,95 % |
| СДСМ | 00:02:27 | 1,89 % |
| Беса | 00:00:49 | 0,63 % |
| Привремена комисија | 00:00:34 | 0,44 % |
| | **Вкупно: 02:09:46** | **100** % |

Кусо, најчесто преку основни облици на вест и на извештај, со минимум директни обраќања (тонски цитати), строго во информативна функција е известувано за партиско-политичките програмски проекции и самопромотивни активности во прилог на предвремените парламентарни избори, за тековните преговори за коалиции, и за шпекулациите околу составот на кандидатските изборни листи. Од минутажите за партиските предизборни активности или за поврзаноста на некои од партиските лидери со тековни правно-политички случувања, можат да се издвојат: постапката пред Уставниот суд за оспорување на легалноста на изборниот процес и на резултатите од него, покрената од партијата Унитети; извештајот за одложеното судско рочиште против некогашниот државен разузнавач Слободан Богоевски, покренато од челниците на ДУИ - Али Ахмети и Муса Џафери; предизборните коалициски преговори што ги води ДПА-ДР, предводена од Зијадин Села.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Обраќања | Траење | Процент |
| Влада на РМ | | 00:02:42 | 9,20 % |
| Локална самоуправа | | 00:00:36 | 2,05 % |
| Други субјекти | | 00:11:00 | 37,50 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | | 00:01:41 | 5,74 % |
| Експерти/аналитичари | | 00:01:50 | 6,25 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | | 00:03:11 | 10,85 % |
| Унитети | | 00:00:41 | 2,33 % |
| Министри/заменици од СДСМ | | 00:00:45 | 2,56 % |
| ДИК и други органи | | 00:00:36 | 2,05 % |
| Граѓански сектор | | 00:02:48 | 9,55 % |
| ДПА-ДР | | 00:01:53 | 6,42 % |
| СДСМ | | 00:01:00 | 3,41 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | | 00:00:37 | 2,10 % |
| | | **Вкупно: 00:29:20** | **100** % |

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

На 24 октомври, од 17 часот во емисијата „Нејзините штикли", емитувано е получасовно интервју со Џане Крешова, претседателка на граѓанската организација „Форум на жените" од Тетово, а основна тема е – улогата и влијанието на жените во различни области од општествено-политичкиот живот.

***Сектор за програмски работи***